РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-2296/2
03.06. 2021 год.
ВЕЛЕС

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален урбанистички план за Централно градско подрачје на Град Велес, опфат помеѓу ул. 8-ми Септември, ул. Архиепископ Михаил и ул. Коле Неделковски, Општина Велес за плански период 2019-2024г. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева, дипл.инж.арх<br>Друштво за проектирање трговија и инженеринг ДООЕЛ Велес УРБАН ПРОЕКТИНГ |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | ДПТИ" УРБАН ПРОЕКТИНГ" ВЕЛЕС<br>ул. Никола Оровчанец бр.1 Велес,<br>Тел: 070/222-848 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на планската документација. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да ☒
Не ☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот Детален урбанистички план за Централно градско подрачје на Град Велес, опфат помеѓу ул. 8-ми Септември, ул. Архиепископ Михаил и ул. Коле Неделковски, Општина Велес, со опфат помеѓу ул. Архиепископ Михаил на западната страна, ул. 8-ми Септември на источната страна, пешачка патека – скали на северната страна и ул. Коле Неделковски на југоисточната страна., е изготвена и третирана во:

• Генерален Урбанистички План на град Велес, Плански период 2003-2018 година, донесен со одлука бр. 0701-2035 од 30.05.2006 год.

• Генерален Урбанистички План на град Велес, Изменување и дополнување на основна сообраќајна мрежа, Планки период 2008-2018година, донесен со одлука бр. 07-4887/1, од 07.10.2008 год.

Претходен Дуп: • ДУП за централно градско подрачје на Велес, Одлука бр.08-189/1 од 28.06.1996 годинаПланскиот опфат не е третиран со друга урбанистичка планска документација. Но ,со оглед на важечкиот Детален урбанистички план за предметниот плански опфат, кој е доста стар и непостоењето на усогласен и нов ДУП за предметниот плански опфат потребна е изработка на нова планска документација Со оглед на непостоењето на усогласен и нов Детален урбанистички план за Централно градско подрачје на Град Велес, опфат помеѓу ул. 8-ми Септември, ул. Архиепископ Михаил и ул. Коле Неделковски, Општина Велес.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, за просторно и урбанистичко планирање со донесување на Детален урбанистички план

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

| |
|---|
| Не. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да, Предметниот плански опфат е со мала површина од околу 0,80ха или 7981м$^2$. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Деталниот урбанистички план како основна цел има за да се дефинираат функционално просторните организациски структури, да се испита можноста за максимално користење на постојниот фонд на објекти и инфраструктура, да се искористи до максимум фондот на земјиштето и инфраструктурата, да се овозможи етапен развој согласно со развојот на економските услови. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидената градба во функционална целина со естетска препознатливост. Во него се зацртани насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со компатибилни класи на намена која е дефинирана со законска регулатива. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5г. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5г. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот Детален урбанистички план за Централно градско подрачје на Град Велес, опфат помеѓу ул. 8-ми Септември, ул. Архиепископ Михаил и ул. Коле Неделковски, Општина Велес, со опфат помеѓу ул. Архиепископ Михаил на западната страна, ул. 8-ми Септември на источната страна, пешачка патека – скали на северната страна и ул. Коле Неделковски на југоисточната страна, е на стрмен терен во пад, градежно изграден. Опфаќа дел од Блок 34 со Градежни парцели со намена за домување 34.01, 34.02, 34.03, 34.04, 34.05 ,34.06, 34.07, 34.08, 34.09, 34.10, 34.11, 34.12, 34.13, 34.14, 34.15, 34.16, 34.17, 34.18, 34,19, 34.20, 34.21, 34.22, 34.23, 34.24, 34.25, 34.26, 34.27, 34.28 и 34.29. Границата на планскиот опфат е дефинирана помеѓу:<br>На запад - ул. Архиепископ Михаил,<br>на исток - ул. 8-ми Септември,<br>на север - Пешачка патека - скали,<br>на југо-исток - ул. Коле Неделковски. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планскиот документ нема новодефинирани намени и со постојната инфраструктура нема да има дополнителни влијанија врз животната средина од причини што при анализа на постојната состојба се констатира дека планскиот опфат како намена веќе егзистира зоната на домување со станбени куќи и објекти за колективно домување, комунална супраструктура-хидротехничка инфраструктура, сообраќајна и комунална инфраструктура, електро енергетика и ПТТ инсталации.<br>Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Во просторната организација на едно урбано подрачје потребно е да се вградат минатото, сегашноста и иднината, а тоа диктира создавање на населба за задоволување на животните и општествените потреби на населението, обезбедување на заштита од бучава и прашина со широко отварање према околниот пејсаж, зеленило и сонцето. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба на објекти, со мал интензитет заради природата на дејностите кои се одвиваат во нив. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини - домување и инфраструктура не спаѓаат во група на директни загадувачи на животната средина , животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во планскиот опфат се предвидени објекти со намена домување во станбени куќи и објекти за колективно домување, при што не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари со планираните урбанистички решенија во плански опфат и превидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот. |

| | |
|---|---|
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистички план за Централно градско подрачје на град Велес е со површина од околу 0,80 ха се наоѓа во централното градско подрачје. Популацијата која ќе биде засегната се состои од 39 домаќинства односно 135 жители во планскиот опфат. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација , комплетна уреденост на просторот со што се овозможуваат услови за урбанизација. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Спрема информацијата на Управата за заштита на културно наследство, при Министерството за култура на РМ, констатирано е дека во границите на опфатот на планот постои регистрирано културно наследство. НУ Национален конзрваторски центар-Скопје има изработено заштитно конзерваторски основи бр.07-111/4 од 30.03.2009 година одобрени од Управата со Решение бр.08-472/5 од 06.04.2009 година според кои КП 4821, КП 4820, КП 4819/1 и КП 4818 се наоѓаат во контактната зона на заштитеното добро куќа на улица "Маршал Тито" бр.88/92 додека КП 5133 се наоѓа во контактната зона на заштитеното добро "Саат кула". Според тоа при изработка на планот треба да се почитуваат одредбите пропишани во заштитно конзерваторски основи. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во локалитетот при инвентаризација на содржините и функциите на теренот евидентирани се 29 објекти од кои 25 се А1 - станбени куќи , 3 се А2 – станбени згради, и 1 е Е2 – комунална супраструктура (трафостаница). Друга категорија на земјиште на овој простор е неизградено земјиште со вкупна површина од 92м2 или 1,2% од територијата во границите на планскиот опфат, опфатен помеѓу улица 8 ми Септември, улица Коле Неделковски и улица Архиепископ Михаил во централното градско подрачје. |

| | |
|---|---|
| | Во рамките на градежните парцели се предвидени соодветен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со Деталниот урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат.
Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во зоната се потврдуваат постоечките објекти на комунална супраструктура, комунална инфраструктура, објекти за домување во станбени куќи и објекти за колективно домување како и заштитно зеленило. Во дефинирање на просторната организација на планот важно е дефинирање на сообраќајната мрежа, потребите за енергија, водоснабдување, одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива. Во рамките на просторната организација на планот, изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштитата на животната средина,техничките прописи во градежништвото.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот, инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават

неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Не се очекуваат значајни еколошки проблеми затоа што согласно ДУП се предвидени инфраструктурните инсталации, згради и семејни куќи. Влијанието врз животната средина се однесуваат на правилно управување со отпадот и одведување на урбаните отпадни води, но тие се опфатени во воспоставениот систем за управување со отпад и отпадни води на ниво на Општина Велес.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ и во корелација со постоечкиот ГУП, околни (соседни) ДУП-ови.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Нема спроведено претходна оценка.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).

Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Аце Коцевски |
| Датум 03.06.2021<br>Место Велес | М.П. |